# МЛАДИТЕ МОЖАТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## 2023 година












# Импресум

**Издавач:**
Здружение на граѓани Младите можат

**За издавачот:**
Анита Николовска – Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

**Автор:**
Анита Николовска

**Дизајн:**
Никица Манџуковски

# Предговор

Драги партнери, соработници, пријатели, млади...
14та година како придонесувавме кон активни, независни, способни и решителни млади. Како и колку ние придонесовме кон млади кои успешно влијаат врз општествените случувања и поттикнуваат успешни промени, прочитајте во страниците кои следуваат.

Соработувајќи со искусни психолози, кариерни советници и младински работници продолживме со имплементација на двете програми: програма за ментално здравје за училишни психолози и наставници и програма за врсничка едукација, како и програма за кариерно советување за ученици и кариерни советници од средните училишта. Програмите оваа година ги донесовме во Битола, соработувајќи со 4 средни училишта.. Преку овие програми опфативме над 500 млади средношколци, но и над 100 наставници, училиштни психолози, претставници на училиштните служби.

Оваа година продолживме успешно да го реализираме Solidarity Action Day во Северна Македонија. Ден кога 90 средношколци од Северна Македонија стекнаа искуство за работата која отсекогаш ја посакувале, а истовремено се ангажираа во заедницата за да им овозможат на своите врсници подобра положба во земјата. Ден кога 195 средношколци учествуваа на овогодинешниот циклус во 60 различни општествено одговорни компании и организации, стекнаа ново искуство и добија можност да истражуваат и да научат нови работи. Фондот обезбеден во овогодинешниот циклус е вкупно 250.000.000 денари, со кои младите преку иницијативи ќе имаат можност да променат нешто во својата средина.

Дополнително, продолживме со формирање на младински банки во нашата држава, во три нови локални општини: Велес, Кочани и Струмица. Вкупно 3 младински проекти беа поддржани во овие општини од фондот на младинските банки.

Нашите активни членови во текот на целата година успешно придонесуваа кон нивниот кариерен развој, промоција на здрави навики за негување на менталното здравје и поттикнување на општествена одговорност и активизам преку едукативните програми во рамки на членството на Младите можат. Поттикнавме и нови интернационални искуства и овозможивме на над 80 млади да имаат животни искуства надвор од границите на својата земја.

Се надевам дека овој краток осврт на 2023 година ве поттикна да ги погледнете страниците кои следуваат и одблизу да ги видите моментите кои ја одбележаа промената изминатата година, но и да се инспирирате токму вие да бидете промената во деновите кои следуваат.
За крај, би сакала да се заблагодарам на сите соработници, партнери, пријатели, членови кои беа дел од приказната наречена Младите можат.

Со почит,

**Анита Николовска**
Извршен директор на ЗГ Младите можат

# За Младите можат

Младите можат е непрофитна и независна граѓанска организација која има за цел да ги поттикне младите да земат активно учество во развојот на демократско општество, преку активно граѓанство и социјален активизам.

Организацијата е основана од страна на младите луѓе, водена од идејата за моќта на младите како катализатори на промени во денешното општество.

## Визија

Младите луѓе да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам, како моќни алатки за општествена промена, да одговорат на своите потреби во заедницата.

## Мисија

Да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека можат самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

## Стратешки приоритети во 2023 г.

- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1– ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2– ПОТТИКНУВАЊЕ И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ КАЈ МЛАДИТЕ**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3- ЗГОЛЕМЕНА ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4 – СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5 – ПРИДОНЕС КОН И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА**

# ПРОЕКТИ





# ПРОЕКТ: Се за младите!

Главното влијание на проектот „Се за младите!" е зајакнат образовен систем во Северна Македонија со усвоени политики за услуги за ментално здравје, функционални програми за кариерна ориентација и зајакнати животни вештини кај младите.

Како ги оправдавме очекувањата? Преку неколку програми со коишто ја постигнавме оваа визија:

## 1. Програма за ментално здравје

**1.1 Лобирање и воведување програма за ментално здравје за врсничка едукација во системот на средно образование**

- Организиран четиридневен тренинг за врснички едукатори во Крушево
- 25 обучени врснички едукатори за ментално здравје
- Потпишани меморандуми за соработка со 4 средни училишта
- Одржани врснички едукации со 164 млади луѓе од средните училишта
- Добиено одобрение за имплементација на програмата во сите училишта на територијата на РСМ од страна на Министерството за образование и наука

**1.2 Програма за развој на капацитети за училишни психолози во средно образование за работа со ученици на тема ментално здравје**

- Организирана панел дискусија „Назад во училишните клупи - соочување со старите предизвици со менталното здравје" со над 30 присутни
- Организиран тренинг за зајакнување на капацитетите на 17 наставници и 4 училиштни психолози
- 20 наставници и психолози активно ја користат програмата при изведување на наставата
- Одржани над 30 работилници согласно програмата во текот на првото полугодие од 2023 година.
- Добиено одобрение за имплементација на програмата во сите училишта на територијата на РСМ од страна на Министерството за образование и наука













# 2. Програма за кариерна ориентација

### 2.1 Програма за кариерна ориентација за средношколци

- Склучен меморандум за соработка со 3 средни училишта од општина Битола и 1 средно училиште од општина Демир Хисар
- Организирана четиридневна обука за 15 средношколци од Битола и Демир Хисар;
- 15 средношколци креираа личен кариерен план и поминаа низ процес на индивидуални кариерни сесии;

### 2.2 Практикување на концептот за Job shadowing преку програма за социјален ден за средношколци

- 195 средношколци учествуваа на овогодинешниот циклус стекнаа ново искуство и добија можност да истражуваат и да научат нови работи.
- 60 различни општествено одговорни компании и организации се приклучија кон движењето
- 250.000 денари изнесува младинскиот фонд кој наредната година ќе поддржи младински проекти

### 2.3 Развивање на капацитетите на кариерните советници и училишниот кадар за функционирање на училишните центри за кариера

- Склучен меморандум за соработка со 3 средни училишта од општина Битола и 1 средно училиште од општина Демир Хисар
- Организирана шестдневна обука за 16 професори од Битола и Демир Хисар
- -16 професори се стекнаа со вештини за кариерни советници во рамки на средните училишта;
- Преку процес на дисеминација беа опфатени вкупно 164 средношколци кои дискутираа и размислуваа на тема „Мојата идна кариера и кариерни можности“







# 3. Програма за младински активизам и младинско учество

### 3.1 Програма за менторство за градење капацитети на младински работници

- 18 обучени ментори за работа со млади
- Ажуриран водич за ментори
- Менторирани над 10 групи на млади кои работат на младински иницијативи, младински активизам и врсничка едукација.

### 3.2 Програма за критичко размислување и финансиска писменост

- 20 млади луѓе учествуваа на тренинг за критичко размислување
- 20 млади луѓе учествуваа на тренинг за финансиска писменост

### 3.3 Програма за лидерство Младински локални банки

- 2 младински банки формирани во општините Велес и Струмица
- Спроведено истражување “Потребите на младите на локално ниво“ во Велес и Струмица (достапно на македонски јазик и албански јазик)
- 20 млади од Велес и Струмица учествуваа на тренинг за градење на капацитети












Преку проектот „Се за младите!" поттикнавме различни актери како што се наставници, кариерни советници, психолози, локални општини, различни министерства и институции, бизнис сектор, граѓански организации, родители да соработуваат за развивање способни, активни, решителни млади луѓе, целосно свесни за важноста од грижата за своето ментално здравје, вработливи и опремени со животни вештини.

Проектот е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а финансиски поддржан од Европската комисија, преку Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Младите можат

Ко-финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

















# ПРОЕКТ: Младинска Локална Банка-општина Кочани

Младинска Локална Банка е проект кој нуди уникатен и несекојдневен пристап кон решавање на едно од најгорливите прашања во македонското општество – невработеноста на младите! Претставува иновативен модел и програма за создавање грантови преку кои се овозможува финансирање на локални акции од неформални групи млади со цел унапредување на заедницата.

**Младите имаа можност да ги реализираат своите идеи за поквалитетен живот во заедниците користејќи неповратни средства за проекти.**

Проектот создаде механизам за соработка помеѓу локалната власт, младите и локалната бизнис заедница, што резултира со финансирање на младински проекти од страна на општината. Целиот процес за основање на младинската локална банка траеше една година. Со обезбедување пристап и видливост до секојдневното функционирање на локалната власт, младите кои беа вклучени станаа уште помотивирани, започнаа да ги разбираат работите и развија начин на размислување со доза на одговорност и отчетност кон заедницата.

Резултатите кои се постигнаа во општина Кочани се следниве:

- Склучен меморандум за соработка со општината и градоначалникот
- Спроведено истражување "Потреби на младите на локално ниво" (достапно на македонски јазик и албански јазик)
- 10 млади од Кочани учествуваа на тренинг за градење на капацитети
- Обезбеден фонд на младинската локална банка од 120.000 денари
- Реализирани 2 младински иницијативи

Преку младинските иницијативи се поставија паметни клупи во средните училишта во општина Кочани и се реконструираше детско игралиште во населеното место Горни Подлог.

Проектот "Младинска Локална Банка" е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од најголемата германска фондација за млади Schuler Helfen Leben.

Младите можат

SCHÜLER HELFEN LEBEN

# ПРОЕКТ: Social day 2023

Social day е ден кога младите луѓе заменуваат еден ден на училиште за работа која тие ја бираат, односно младите донираат дел од своето време и својата дневница за младински проекти.

Во 2022 година na 9-ти ноември по втор пат се реализираше Social Day каде учество земаа 90 средношколци кои беа дел од општествената промена и активистичко движење, а 30 општествено одговорни домашни компании и организации се приклучија во формирањето на младинскиот фонд преку обезбедување на работни позиции за младите. Со тоа тие креираа младински фонд од вкупно 175.500,00 денари преку кој беа поддржани 48 часовен хакатон за младински решенија и 2 проекти, иницирани и водени од младите.




Пет тимови составени од млади луѓе од целата држава во рок од 48 часа имаа за задача да оформат решение со коешто ќе решат проблем од нивната заедница во рамки на хакатонот #РешиПроблем 2023 и истите ги презентираа пред стручна жири-комисија, составена од претставник на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), организацијата АРНО и здружението „Младите можат“.

Решенијата се однесуваа на подобрување и збогатување на културните содржини за младите во заедницата, младински катчиња, филтрација на воздухот во училиштата, заштита на личните податоци кај младите и подобро информирање на младите луѓе.

Од сите решенија наградени беа решенијата на тимовите „Млади распеани велешани“ и „Safe Gen“, што добија поддршка од по 60.000 денари за имплементација, но и менторска поддршка за целосниот проект да се реализира во наредните 60 денови.















## SafeGen

Проблемот кој тимот сакаше да го реши, а со кој секојдневно се соочуваат младите во Р.С.Македонија беше заштитата на приватноста на интернет и подигнување на свеста, едуцирање на младите и спречување на инциденти при користење на интернетот.

Како причини за настанување на проблемот ги утврдија недоволната едуцираност и заинтересираност на младите за опасностите поврзани со нивната приватност на интернет, како и незаинтересираноста на наставниот кадар во училиштата и неговата недоволна обученост за едуцирање на учениците за заштита на приватноста на интернет.

За решавање на проблемот, а со цел адресирање на недостатокот и несоодветно знаење за заштитата на приватноста на интернет, тимот направи тркалезна маса за заштита на приватноста на младите на интернет на која учесниците имаа можност преку двочасовна дискусија да дознаат на кој начин можат да се заштитат, каде можат да пријават злоупотреба на лични податоци и како насилството што се случува на интернет може да влијае врз младите. Како дел од проектот тимот креираше и профил на социјалната мрежа Instragram за промовирање на кампањата.

## Млади распеани велешани

Недоволниот развој на младите во областа на културата и музиката во Велес беше проблемот на кој овој тим сакаше да работи и да изнајде решенија за решавање на истиот.

Како главни причини за негово настанување ги истакнаа недоволниот развој на музиката и културата во нивниот град, недостатокот на простор каде што младите можат да го изразуваат својот талент и недостатокот на мотивација и поддршка на младите да ја започнат својата творечка и уметничка приказна.

За таа цел, тимот во Младинскиот центар Велес, формираше музичко и културно катче во кое младите имаат можност слободно да се изразуваат и да го искажуваат својот талент, каде што и по завршување на проектот, катчето продолжи со работа,а младите од Велес добија можност постојано да го посетуваат и да го посветуваат слободното време на она што го сакаат.

Активностите кои тимот успешно ги спроведе беа набавка на инструменти за катчето, промоција по училишта, работилница за реставрација и концерт на кои присуствуваа 60 млади од Велес.

На 8 ноември 2023 година по трет пат се реализираше Social Day во Скопје, Битола и Охрид. Вкупен број од 195 средношколци учествуваа на овогодинешниот циклус во 60 различни општествено одговорни компании и организации, стекнаа ново искуство и добија можност да истражуваат и да научат нови работи. Фондот обезбеден во овогодинешниот циклус е вкупно 250.000.000 денари, со кои младите преку иницијативи ќе имаат можност да променат нешто во својата средина.





Оваа година поддршка имавме од

**Декра, ИТ лабс, Фондација Фридрих Еберт, Белина, Комерцијална Банка, Здружение на лекари и специјализанти, НМСМ, EU House, Адвокатска канцеларија Трпеновски, Адвокатско друштво Карановиќ и партнери, Адвокат Лазаров, Адвокатска канцеларија Лански, ЛЕАД, Адвокатска канцеларија Алексов и Мемиши, Општина Центар, Канцеларија на Обединети нации, Македонско здружение на млади правници, А1 Македонија, МОФ, Кара5, Кесслер, Ателје Лебед, Степ ап, WayLand, Центар за правни истражувања и анализа, Боров Дол, ФД СН Финансии ДОО Битола, Together Macedonia, Кафетерија Еспресо / ИЛИОН - ЕКСПОРТ, ДООЕЛ Чорбевски ресторан Белведере, Национална установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола, ПЗУ аптеки Еурофарм, Здружение за одржлив развој СФЕРА Интернешнал, ПЗУ Д-р Костурски, ЗК Пелагонија АД Битола, ДООЕЛ Карпа на Европа, РЕК Битола, Адвокатско биро „Јасна Вретоска", Антица бисер, Викса Пром ДООЕЛ, Слаткарница „Палма", Сметководствено биро „Факторинг", СТИС Компани, Фризерски салон „Нена", Shilla - coffee & bar, Snack house - Villa „Јанкулоски", Bograd Hotel, ЕМ маркет ДООЕЛ, Кармен Бауцентар, Хотел Фреја, Економика, Агро Дрво, Ликвид, Fort Cafe и Coco Bar Охрид.**









## Проект: Тренинг„MIND – MENTORSHIP IN NEW DIMENSIONS“

Младинскиот тренинг MIND е дел од програмата Еразмус + која е поддржана од Европската Унија. Програмата имаше за цел да ги развие вештините на младинските работници за планирање, спроведување, следење / оценување на работата со младите луѓе за да им помогне на нивниот личен развој и да го промовира нивното активно учество во животот во заедницата.

Целта е да се креираат планови за менторство на младинските работници преку кои ќе ги поттикнеме да продолжат да го подобруваат својот личен и професионален профил и тој дух да го шират меѓу младите. Младинските работници ќе добија знаење, пристап и алатки и беа инспирирани да работат со млади луѓе како млади луѓе кои инспирираат промени.

Преку проектот обезбедивме знаење и овозможивме развој на личните вештини на учесниците и со ги поттикнавме да продолжат да го подобруваат својот личен и професионален профил и тој дух да го шират меѓу младите.

Тренингот се одржа од 30.05.2023 до 05.06.2023г. во Охрид, Северна Македонија, со учесници од 4 земји (С.Македонија, Србија, Бугарија и Турција).

Erasmus+









# Проект: Младинска размена „EMOTIONS“

Младинската размена EMOTIONS е дел од програмата Еразмус + која е поддржана од Европската Унија.
Размената со сите нејзини активности и програма беше планирана на начин што учесниците се поврзуваат прво со своето внатрешно јас, а потоа меѓусебно.

Тие имаа најголемо влијание еден врз друг со тоа што ќе го дадат својот максимум во своето учество и ќе бидат слободоумни и подготвени за промени додека го прават тоа.

За време на размената имавме 20 млади луѓе кои се целосно свесни за нивното ниво на емоционална интелигенција, можат да ги препознаат своите емоции рамнодушни ситуации во животот и рационално да постапуваат по нив и се свесни за важноста на нивниот личен развој, како и нивниот менталното здравје за да ги постигнат своите цели во животот. Тие, исто така, учеа методи и развиваа вештини за разрешување конфликти, управување со гнев, лидерство, кампањи и практикување јога, медитации и слични вежби за ослободување од стрес и рамнотежа во животот.

Тренингот се одржа од 06.06.2023 до 12.06.2023г. во Охрид, Северна Македонија, со учесници од  земји (С.Македонија, Србија и Бугарија).

Erasmus+









# Проект: Engaging Marginalized Youth for Sustainability

Engaging Marginalized Youth for Sustainability (EMYS) е двегодишен проект чија главна цел е да се мотивираат и зголемат капацитетите на младите луѓе да станат креатори на промени и да имплементираат иницијативи не само во нивните заедници, туку и на европско ниво.

Цели на проектот:

- Да се создадат мрежи и коалиции меѓу младинските организации, младите луѓе и активистите на младинските движења низ ЕУ
- Да се поддржат младите во креирањето на иницијативи и проекти предводени од млади
- Да се поттикнат маргинализираните и недоволно застапените млади да станат информирани носители на одлуки и креатори на промени во своите заедници
- Да се промовира транскултурна соработка како решение за глобалната криза од климатските промени
- Да се истражат и развијат методи и техники за неформално образование
- Да се негуваат компетенциите за лобирање и застапување кај младите
- Да се подобрат меѓусекторските иновации и соработката со младите

Што се одржа?

- Обука за одржливост во Виена на која младинските лидери и амбасадори беа обучени за методологии на неформална едукација, design thinking и вештини за фацилитација.
- Развивање на Sustainability Toolkit кој ќе вклучува техники за фацилитација, генерирање и осмислување идеи, техники за неформална едукација, застапување и лобирање, менаџерски вештини, како и обука за застапување и лобирање.
- Локални групи за застапување кои ќе бидат составени од претставници и активисти на младински движења на заедницата, кои ќе бидат обучени и овластени да започнат и/или да го подобрат нивното застапување.
- Консултативни состаноци со носителите на одлуки и политичарите на локално ниво за да се истражи нивното гледиште за различни прашања поврзани со младинското учество во демократскиот живот.
- Јавни дебати: се организираа настани за придобивките и реалноста на активното граѓанство и младинското учество за младите во ЕУ.
- Настан за младинско вмрежување во Кипар чија цел беше да се разменат добри практики и да се олесни целта за создавање мрежи меѓу младите, имплементација на заеднички активности и зајакнување на младинското учество.







За кого е наменет овој проект?

- Млади од 18 до 35 години
- Младински амбасадори, младински работници, младински организации/ совети/центри и движења на младинската заедница
- Носители на политики/ одлуки и јавни организации

EMYS



# ПРОЕКТ: ГРАДЕЊЕ НА ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ НА МОМЧИЊАТА ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

„Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров“ е проект кој продолжи да се имплементира и оваа година и чија цел беше позитивно трансформирање на однесувањето кај младите момчиња со цел градење толерантни општества и превенција на врсничкото и родово базираното насилство.



Кон оваа иницијатива се вклучени локалната власт и локалните граѓански организации кои ќе ги мобилизираат младите на возраст од 14-19 години за утврдување на приоритети и вклучување во креирање локална политика за млади низ едукативни работилници и кампањи во заедницата.

Во текот на оваа година беа реализирани следните активности:
1. Истражување за димензиите на машкоста и перцепциите за насилство
.
2. 10 Работилници за пилотирање на „Прирачник М“ во општина Ѓорче Петров.

3. Младинска кампања и визуелен идентитет за проектот.

4. Основање на „Биди маж“ клуб за младите момчиња од Ѓорче Петров.







Преку вклучување во проектните активности Младите можат и учесниците на проектот имаа можност:

1. Да ги градат капацитетите и вештините кои што се неопходни работа со младите момчиња, за тие да можат да развијат здрави врски засновани на родова еднаквост, да го разберат нивниот физички, сексуален и емоционален развој како и да се осврнат на сите форми на насилство во нивниот секојдневен живот. Со тоа Младите можат ќе можат да воспостават силни врски со врсниците и младите момчиња за обезбедат ефикасно учество во предвидените работилници;

2. Младите можат во рамки на проектните активности креираа мрежа од граѓански организации и беа активни во градењето на поправедни родови ставови и однесувања меѓу младите со што ќе се намали и насилството меѓу момчињата кон девојчињата и врсничкото насилство (насилство од момчиња спрема други момчиња) во С.Македонија;

3. Младите можат ги зголемија организациските капацитети и капацитети за спроведување на проекти на граѓанските организации преку индивидуална програмска и техничка поддршка, што ни овозможи да развиеме понатамошни програми.

Проектот „Градење на здрави животни навики на момчињата во Гостивар и Ѓорче Петров“ е реализиран од страна на Центарот за истражување и креирање политики заедно со CARE International Balkans со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Младите можат се партнери спроведувачи на проектот во општина Ѓорче Петров.

Младите можат

care®

Kingdom of the Netherlands

# ПРОЕКТ “УЧИЛИШТЕН ФОРУМ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕШЕНИЈА”

„Училиштен форум за заеднички решенија“ е проект кој има за цел да ги поттикне младите да можат активно да ги остваруваат своите права, а во исто време активно да учествуваат во одлучувањето кое директно ги засега младите во средните училишта.

Целта е учениците да се здобијат со знаења, вештини и техники со помош на кои ќе научат како да бидат она што го сакаат и да станат најдобра верзија од себе и да создадат позитивна средина за учење и растење.

Преку овој пристап, училиштата ќе можат да создадат простор во форма на училишен форум за заеднички решенија, кој ќе биде платформа за генерирање решенија за мапираните проблеми и/или предизвици. Со овој пристап се надминуваат веќе согледаните предизвици од теренот, односно пасивноста на средношколците во однос на проблемите и предизвиците кои директно или индиректно ги засегаат, „неразбирањето“ или немањето слух за проблемите и предизвиците од страна на наставниот кадар и раководството на училиштата и надминување на поделените интереси, перспективи и гледишта на проблемите и предизвиците во училиштата.

Учесници на проектот се СУГС „Владо Тасевски“ и СУГС „Шаип Јусуф“ од Скопје. До сега во рамки на проектот се одржа 3-дневен тренинг за ученици, а во тек е и процесот на генерирање идеи за решавање на детектираниот проблем од страна на учениците.

- Тридневна обука во Крушево беше реализирана со 20 ученици од двете училишта на која истите се стекнаа со вештини за решавање проблеми, ефективна комуникација, застапување и лобирање, лидерство и тимска работа, младиски активизам, и вистински го согледаа значењето и импактот на активниот граѓанин и младинската проактивност.










МЛАДИТЕ МОЖАТ
YOUTH AGENTS of CHANGE
EU with YOU
Funded by the European Union

# ▷ НАСТАНИ ◁









# МОТИВАЦИСКИ ДЕН 2023

После пауза од 3 години, повторно имавме можност да го почувствуваме мотивирачкиот пулс, овој пат на успешната и инспиративна жена. Во малку поинаков концепт „Мотивациски Ден“ се одржа на 14 Октомври во Салон 1919 (Културно Информативен Центар). Мотивациски ден беше целосно посветен на девојките и жените и преку нивните успешни приказни сакавме да ги мотивираме младите да работат на себе, на приватен и професионален план, и да понудиме едно различно искуство кое ќе направи промена и остави позитивен импакт врз младите генерации.

Елена Бубало, Јасмина Атанасова Симјаноска, Слаѓана Вујошевиќ и Анета Павловска ги споделија своите животни приказни и преку афирмација на женската улога во општеството покажаа дека ништо не е невозможно.

Работилниците се препознатлив дел од Мотивациски ден. Оваа година имавме две интересни, и навистина корисни работилници. Првата работилница „ДА НИЖИМЕ ЗАЕДНО ЗА ИНКЛУЗИЈА“ и втората работилница „ВЕШТИНИ ЗА САМООДБРАНА КАЈ ЖЕНА“. И на крајот на денот, заедно со вештите раце на младите девојки и жени, организиравме базар, на кој беа претставени и промовирани малите бизниси водени од девојки и жени.

Сумирано, резултатите од Мотивациски Ден изгледаат вака:

- 4 инпиративни говорнички
- 2 корисни работилници
- 10 мали бизниси земаа учество на базарот
- Повеќе од 60 присутни гости
- 6 часа инспиративна и креативна програма

Настанот „Мотивациски ден“ се реализираше во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Северна Македонија”, кој го спроведуваат Националниот младински совет на Македонија и Stella Network, со финансиска поддршка од страна на Британската амбасада во Скопје. Целта на проектот е да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени да бидат поактивни во општеството, да креира поеднаков пристап до можностите во јавниот живот, во приватниот сектор и во процесот на донесување одлуки на локално и национално ниво.

British Embassy Skopje
UKaid from the British people
Национален младински совет на Македонија
Stella
Младите можат

# [ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА] НАЗАД ВО УЧИЛИШНИТЕ КЛУПИ - СООЧУВАЊЕ СО СТАРИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ СО МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ

Активната улога на нашата организација во унапредување на состојбите со менталното здравје и благосостојбата кај младите оваа година не однесе на мисија во Битола. Програмите за ментално здравје се имплементираат во четири средни училишта кои покажаа амбиција да станат средини кои имаат негувачки пристап кон благосостојбата на нивните ученици.

Затоа на 20 септември 2023 година во просториите на Europe House Bitola беше организирана панел дискусија под насловот „Назад во училишните клупи - соочување со старите предизвици со менталното здравје“ на која средношколците, училишните психолози и директорите на вклучените училишта во програмите имаа можност заедно да разговараат на прашата и предизвиците на темата кои ги засегаат од различен аспект. Не радува што младите се повеќе се свесни за важноста на менталното здравје, но заклучокот останува дека се потребни системски решенија и понуда на различни услуги достапни за младите во сите средини.

Оваа конференција е дел од проектот All for YOU(th)! кој е финансиски поддржан од Европската Унија.

Ко-финансирано од Европска Унија













## АКТИВНОСТИ ОД ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

Тргнувајќи од нашата мисија како организација младите да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои самостојно или здружено влијаат и учествуваат во позитивните промени и развојот во општеството, и оваа година посебен фокус поставивме на нашите членови.












## КАЛЕНДАР ЗА АКТИВНОСТИ

Како иновација во работењето на членовите беше иницијативата за креирање, организација и реализација на активности токму од нивна страна кои резултираа со годишен календар на активности наменет за сите млади. Преку активностите успеавме да допреме до повеќе од 50 млади во Скопје и тоа на најразлични теми поврзани со менталното здравје, личениот развој, кариерно советување, младински активизам и слично. Како партнери во активностите се вклучија многу експерти, професионалци и организации кои го понудија своето знаење, искуство и вештини со младите.

## ПРОГРАМА ЗА МЛАДИНСКИ РАБОТНИЦИ (МЕНТОРИ)



Градењето на млади role модели кои ќе ги афирмираат позитивните вредности на младинскиот активизам меѓу своите врсници, оваа година дополнително го направивме преку обука на нови 18 ментори. Учесниците на обуката имаа можност да развијат соодветни вештини, принципи и вредности за различните пристапи во работа со млади, поддршка на групи на млади и младински иницијативи но и индивидуален пристап во менторирање на млади лица.



Преку интерактивниот пристап на обуката учесниците станаа свесни за важноста на нивната улога во обликување на новите генерации на млади кои се дел од нашата организација и пренесување на вредностите кои како организација ги негуваме повеќе од 14 години.

Овие млади ментори ја започнаа својата менторска мисија и до крајот на годината работеа со над 10 групи на млади во областите на ментално здравје и младински активизам и со тоа успеа да придонесат кон позитивни промени кај над 50 млади личности.

## РЕГИОНАЛНА ГРУПА НА МЛАДИТЕ МОЖАТ



Како организација нашите заложби се да допреме до што е можно поголем број на млади, иако нашата канцеларија се наоѓа во Скопје, нашата работа оваа година беше дисеминирана и во Битола, Охрид, Струга, Велес, Кочани и Струмица.

Започнувајќи од оваа година сакаме да понудиме форми на локално организирање на младите во делувањето под нашата мисија и затоа ја оформивме првата регионална група кој делува во Охрид, Струга и Битола и е воедна токму од нашите најактивни членови од тој регион. Преку оваа форма успеавме да организираме над 10 настани и да опфатиме над 100 млади од регионот.



Цениме дека секој млад човек треба да има можност да го искористи својот потенција и да даде придонес кон градење на здрава заедница во која живее, па затоа како организирација сакаме да бидете тука за секој еден таков млад човек проширувајќи ја нашата работа низ државата.

# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И СПРОВЕДУВАЊЕ КАМПАЊИ

Во 2023 година комуникацијата со нашата примарна таргет група-младите, но и со целокупната јавност во најголем дел се одвиваше преку социјалните мрежи. На почетокот на годината отворивме нов профил на нашата организација на Инстаграм и нашата цел беше да го зголемиме бројот на активни следбеници и повторно да ја создадеме заедницата со која активно комуницираме. Од друга страна сакавме и да го зголемиме кругот на луѓе кои се запознаени со нашите проекти и активности. Токму затоа, и во текот на 2023 година продолживме со споделување не само на информативни објави, туку и споделување на интерактивни и едукативни содржини кои ќе го задржат вниманието на публиката, но истовремено ќе привлечеме и нова публика. Нашата креативна мисла ја насочивме кон креирање на нов вид на содржини преку кои ќе ги претставиме нашите активности. Анализите покажуваат дека голем дел од младите следат содржини на Youtube, па затоа од оваа година поактивно објавувавме и на оваа платформа. Креиравме подкасти во кои зборевме на актуелни теми од областите на менталното здравје и кариерното советување. На тој начин успеавме да дојдеме до публика која претходно не ги следела нашите активности. Дополнително, користевме и меил комуникација, каде што тековно ги известувавме новите и старите членови за можностите кои ги нуди нашата организација, а истовремено на тој начин комуницираме со нашите партнери и соработници.

**1500+**
СЛЕДБЕНИЦИ

**10.000+**
ФАНОВИ

**8**
ПЛАТЕНИ РЕКЛАМИ

**10**
MAIL КАМПАЊИ

**10**
ТВ ГОСТУВАЊА

**34**
ОБЈАВИ НА ВЕБСТРАНА

**26**
СТАТИИ

Во текот на 2023 година соодветно потребите на организацијата и проектните активности беа спроведени неколку онлајн кампањи. Кампањите кои во најголема мера го привлекоа вниманието на нашите следбеници се кампањата за Мотивациски Ден и кампањата за финансиска писменост.

Кампањата која се спроведуваше за Мотивациски Ден имаше за цел афирмација на женската улога во општеството. Сакавме да покажеме дека професијата не познава пол и дека ништо не е невозможно ако цврсто веруваш во твојата цел и го знаеш патот по кој треба да чекориш. Како го направивме тоа? Креиравме мултимедијални содржини преку кои се обидовме да се почувствува мотивирачкиот пулс на успешната и инспиративна жена. Кампањата имаше три фази. Првата фаза се одвиваше пред настанот и за нејзини потреби беа креирани 20 различни дизајни. Секој дизајн испраќаше различна порака, претставуваше различна говорничка, покажуваше како се одвиваа подготовките и најважно од се поттикнуваше размислување и заинтересираност кај публиката. Втората фаза беше за време на самиот настан каде што во “real time“ објавувавме сегменти од настанот, од говорите, од работилниците и од базарот. Третата фаза се реализираше по завршување на настанот, односно креиравме кратки видеа со најважните пораки кои сакаа да ги испратат нашите говорнички.

Кампањата за финансиска писменост имаше за цел да ги поттикне младите да размислуваат за своите финансии, а истовремено и да ги едуцира кои чекори треба да ги превземат за да имаат финансиска слобода. Објавите кои беа креирани беа интерактивни и едукативни. Моментот зошто одлучивме да ја спроведуваме оваа кампања беше постојаната збунетост на младите за тоа што всушност претставуваат финансиите и како треба да управуваат со нив и во што е најдобро да ги инвестираат. Во рамки на оваа кампања се промовираше и настанот „Денови на финансиска независност“.









# Младите можат - добитници на награда за младинско учество

Младите можат на Меѓународниот ден на младите се закитија и со Наградата за младинско учество во категорија за младински организации, организации за млади и чадор организации. Добивањето на ваков тип на награда, особено по втор пат, беше доказ дека младите сè уште веруваат во нас и дека сме успеале да одговориме на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат.

Со оваа наградата сакаме да изразиме огромна благодарност до сите членови, млади луѓе кои низ годините поминале низ Младите можат преку различни активности.








## ПОДКАСТ

Во текот на 2023 година започнавме на сосема поинаков начин да ги презентираме темите и областите за кои се залагаме. Ги искористивме потенцијалите на платформата Youtube и започнавме да креираме подкасти на темите ментално здравје и кариерно советување. Успеавме да продуцираме и објавиме 4 подкасти. Сметаме дека ова е соодветен начин да дојдеме до публика која претходно не ги следела нашите активности, а во моментов е активна на Youtube, а истовремено да им понудиме нешто ново на младите кои ги следат нашите активности подолго време.

**Подкаст 01- Каде бевме, а каде сме сега?**

Разговараме со поранешните и сегашните членови на Младите Можат кои зборуваа за почетоците на Младите Можат, споделија нивни лични приказни,колку организацијата влијаела врз нив, дали организацијата се променила, кои се прирितетите на младите сега.

ГЛЕДАЈ ТУКА

**Подкаст 02- Која е тајната на успешната жена?**

Разговараме со нашите гостинки за тајната на успешната жена. Преку нивните лични животни приказни се обидовме да откриеме што се е потребно да се додаде во рецептот за успех.

ГЛЕДАЈ ТУКА

**Подкаст 03- Како до плата од соништата?**

Се обидовме да откриеме што младите бараат при вработување: работа или плата од соништата? Заедно со нашата гостинка ги откривме тајните како да ги "освоите" HR специјалистите на интервју за работа и како да стигнете до работа и плата од соништата.

ГЛЕДАЈ ТУКА

**Подкаст 04- Новогодишни резолуции или револуции?**

Со нашата гостинка разговаравме за новогодишните резолуции односно целите за новата година. Допревме до темите за како тие може да влијаат врз нас, која е формулата за успех на истите, како да ги планираме за да не дојде до разочарување и дали е можно е да направиме разлика меѓу резолуција и револуција.

ГЛЕДАЈ ТУКА

## МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО МРЕЖИ

1. Национален младински совет на Македонија

2. Сојуз за младинска работа

3. Мрежа за спречување одлив на мозоци

4. Solidarity action day movement in Europe

# ПЕРСОНАЛ НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

## ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА



**Сања Матовска**
Координатор за администрација и логистика



**Анита Николовска**
Извршен директор



**Филип Ивковски**
Програмски координатор



**Никица Манџуковски**
Програмски координатор



**Милијана Богданоска**
Проектен координатор



**Делфина Саздовска**
Проектен координатор

# УПРАВЕН ОДБОР



**Дијана Мицевска**
Претседател на Управен одбор



**Камелија Јаневска**
Член на Управен одбор



**Ивана Атанасовска**
Член на Управен одбор

# МЛАДИТЕ МОЖАТ

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2023 година



# ЛИСТА НА ПРИХОДИ

- Вкупни приходи

| ВИД НА ПРИХОД | ИЗНОС (МКД) | % |
|---|---|---|
| **Приходи од услуги** | 305.598,00 | 2,7% |
| **Приходи од членарини, подароци, донации и други извори** | 8.856.147,00 | 78% |
| **Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година** | 2.185.636,00 | 19,3% |
| **ВКУПНО** | **11.347.381,00** | **100%** |



## ЛИСТА НА ПРИХОДИ

- Приходи од проекти

| ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | ИЗНОС (МКД) | ОСНОВ |
|---|---|---|
| **Schuler Helfen Leben** | 1.105.200,00 | Проект „Youth Local Bank Kochani" |
| **Делегација на Европска комисија во Република Северна Македонија** | 3.665.868,20 | Проект: "Се за младите" |
| **Европска комисија** | 893.676,72 | Проект: "Engaging marginalized youth for sustainability" |
| **Европска комисија** | 416.305,99 | Проект: "Училиштен форум за заеднички решенија" |
| **ДМ ДРОГЕРИЕ МАРКТ ДООЕЛ** | 614.130,00 | Проект: „Заедно за подобро утре" |

# ЛИСТА НА РАСХОДИ

| ВИД НА РАСХОД | ИЗНОС (МКД) |
|---|---|
| **Потрошни материјали** | 494.551,00 |
| **Потрошена енергија** | 62.787,00 |
| **Превозни и транспортни услуги** | 672.273,00 |
| **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | 28.856,00 |
| **Членарини** | 5.275,00 |
| **Наемнини** | 290.340,00 |
| **Други материјални расходи** | 598.962,00 |
| **Провизии за платен промет** | 72.032,00 |
| **Дневници за службено патување** | 3.690,00 |
| **Негативни курсни разлики** | 15.450,00 |
| **Плати и надомести за плати** | 1.528.141,00 |
| **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | 31.511,00 |
| **Други услуги** | 677.497,00 |
| **Други расходи** | 3.236.500,00 |
| **ВКУПНО** | 7.717.865,00 |

- Финансискиот извештај е изработен за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023

младите можат

2024